30 -03- 2026
0201 20 37 —

**До:**

Одбор на директори на РАДЕ КОНЧАР АПАРАТНА ТЕХНИКА АД Скопје

Ул. 3та Македонска бригада бб

**Предмет:** Барање за свикување Собрание на акционери

Почитувани,

Врз основа на член 385 став 3 од Законот за трговски друштва и член 55 од Статутот на Друштвото, поднесуваме барање за свикување собрание на акционери во најкраток можен рок со цел донесување на ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ, СОПСТВЕНОСТ НА РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ Скопје.

Во изминатите години, РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје во повеќе наврати водеше преговори со потенцијални купувачи на недвижниот имот. Предлог одлуки за купопродажба на недвижниот имот – управна зграда и земјиште, беа предмет и на одлучување од страна на Собранието на акционери, а во меѓувреме пристигнати се и други понуди до РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје понуди за недвижниот имот кои не може да се процесираат и да се постапува по нив со оглед на тоа што Одборот на РАДЕ КОНЧАР АПАРАТНА ТЕХНИКА нема став по однос на критериуми и насоки за одлучување.
Поради неможноста да се добие согласност од страна на Одборот на директори на Друштвото, за натамошно процесирање на постапката без претходна согласност од страна на Собранието на акционери, се предлага донесување на одлука со цел поедноставување на постапката, транспарентно водење на процесот и обезбедување потребна согласност од страна на Собранието на акционери, а со цел Одборот на директори да може непречено да ги презема сите потребни активности до конечно завршување на постапката за купопродажба на управната зграда, сопственост на РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје (земјиште и објект, опишан во Имотен лист бр. 58529 КО Кисела Вода 2 издаден од Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија).

Од овие причини, се предлага свикување на седница на собрание на акционери со точка на дневен ред:

1. ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ, СОПСТВЕНОСТ НА РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ Скопје.

Предлог текст на одлуката е даден во прилог на ова Барање.

Согласно член 385 став 3 од ЗТД доставуваме и податоци за акционерите, подносители на барањето кои имаат повеќе од една десеттина од сите акции со право на глас (име и презиме, место на живеење и ЕМБГ) и нивен потпис.

**Прилог:**

- Предлог ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ, СОПСТВЕНОСТ НА РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ Скопје.
- Имотен лист бр. 58529 КО Кисела Вода 2 издаден од Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија
- Извод од акционерската книга на издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акции со право на глас на аквционерите, предлагачи.
- Копија од лични карти на предлагачите

**Скопје,** 30.03.2026 г.

**Акционери, подносители на барањето:**

1. Јана Стојкова Каневче, ул. Миле ПопЈорданов бр. 11/17, 1000 Скопје, [redacted], сопственик на 15.566 акции

   ____________________

2. Дарко Стојков, Скопје, ул. М. Хаџивасилев Јасмин бр. 44/9-3, 1000 Скопје, [redacted], сопственик на 15.148 акции

   ____________________

3. Стевче Шапков, ул. Исмаил Камили бр. 14, 1000 Скопје, [redacted], сопственик на 1300 акции

   ____________________

4. Злате Поповски, ул. Јадранска бр. 8, 1000 Скопје, [redacted], сопственик на 1827 акции

   ____________________

5. Горан Јанчиќ, ул. Народен Фронт бр. Бр. 23/1-5, 1000 Скопје, [redacted], сопственик на 5.781 акција

   ____________________

6. Ненад Јанчиќ, ул. Народен фронт бр. 21/2-8, 1000 Скопје, [redacted], сопственик на 5.774 акции

   ____________________

7. Мицев Тони, ул. Бул.Јане Сандански бр.107/3-41, 1000 Скопје [redacted], сопственик на 100 акции.

8. Спасовска Убавка, ул.Бул Видое С.Бато бр.11/ 2 -1,1000 Скопје ,[redacted], сопственик на 100 акции.

9. Стојановски Трајче, ул. Борис Трајковски бр.15-8 1000 Скопје ,[redacted], сопственик на 50 акции.

Врз основа на член 383 од ЗТД член 53 од Статутот на РАДЕ КОНЧАР АПАРАТНА ТЕХНИКА АД Скопје (во понатамошниот текст: Друштво), акционерите на Друштвото на ден _______________ ја донесоа следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ, СОПСТВЕНОСТ НА РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ Скопје**

**Член 1**

Акционерите на Друштво даваат согласност на условите за продажба на недвижниот имот: земјиште и згради, опишан во Имотен лист бр. 58529 КО Кисела Вода 2 издаден од Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија и тоа:

**Лист Б податоци за земјиште:**
-КП бр.1851/16, бул. 3 Мак.Удар.Бри; Катастарска култура ДМ, површина 7618 м2;
-КП бр.1851/16, бул. 3 Мак.Удар.Бри; Катастарска култура зпз 1, површина 863 м2;
-КП бр.1851/16, бул.3 Мак.Удар.Бри; Катастарска култура зпз 2, површина 15м2 или вкупно 8.496м2,евидентирано во Имотен лист бр. 58529 КО Кисела Вода 2 и

**Лист В податоци за згради посебни делови од згради и други објекти**
-КП бр.1851/16, бул. 3 Мак.Удар.Бри; бр.на зграда/друг објект 1, намена згр. Згради во индустрија и рударство;влез 1;кат 02; бр.-; површина 732 м2;
-КП бр.1851/16, бул. 3 Мак.Удар.Бри; бр.на зграда/друг објект 1, намена на згр. Г2-6; влез 1; кат К1; бр./; намена ДП; површина 750м2;
-КП бр. КП 1851/16, бул. 3 Мак.Удар.Бри; бр.на зграда/друг објект 1, намена на згр. помошни простории; влез 1; кат ПО; површина 144 м2;
-КП бр.1851/16, бул. 3 Мак.Удар.Бри; бр.на зграда/друг објект 1, намена Г2-6; влез 1; кат ПР; бр./; намена ДП; површина 716м2;
-КП бр.1851/16, бул. 3 Мак.Удар.Бри; бр.на зграда/друг објект 1, намена на згр. гаража; влез 2; кат ПО; површина 331 м2;
-КП бр.1851/16, бул. 3 Мак.Удар.Бри; бр.на зграда/друг објект 1,намена згр.згради во индустрија и рударство;влез 3;кат ПО; бр.-; површина 232 м2;
-КП бр.1851/16, бул. 3 Мак.Удар.Бри; бр.на зграда/друг објект 1, намена на згр.Г2-6; влез 1; кат ПР; бр./; намена ДП; површина 18 м2, евидентирано во Имотен лист бр. 58529 КО Кисела Вода 2,
сопственост на Друштвото со ограничена одговорност **РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ Скопје,** со седиште на улица Булевар 3-ТА Македонска Б 50А, со ЕМБС 4242742 и ЕДБ МК4030991184903 во кое РАДЕ КОНЧАР АПАРАТНА ТЕХНИКА АД Скопје е сопственик на удел од 40%.

**Член 2**

Акционерите даваат согласност недвижниот имот опишан во член 1 од оваа Одлука да се продава по пат на јавен оглас за прибирање на понуди доставени од заинтересирани купувачи до РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје, под следните услови:

1. Имотот се продава во состојба во која се наоѓа во моментот на склучување на договор за кушпопродажба на истиот, на принцип видено купено.
2. Рок за доставување на понуди: 30 дена од објава на огласот во медиуми и гласила.
3. Минимална почетна купопродажна цена: 8.000.000 ЕУР во денарска противвредност по среден курс на ЕУР на НБРМ на денот на склување на Договорот за купопродажба.
4. Исплата на купопродажната цена: на денот на склучување на купопродажниот договор и истата се

врши во денарска противвредност, зголемена за ДДВ.

5. Критериум за избор на најповолен понудувач: Највисока понудена цена
6. Данокот на промет и сите останати трошоци поврзани со целосно завршување и спроведување на процесот на купопродажба на недвижниот имот, до негово упишување во катастар, ги сноси Купувачот.
7. Услов за учество во постапката:
   - Депонирање на минимум 2,5 % од почетната пордажна цена на недвижноста на сметка на Друштвото и тоа 300000000330903 во Комерцијална банка АД Скопје, најдоцна 5 дена пред истекот на крајниот рок за доставување понуди. Депонираниот износ на избраниот понудувач се засметува во купопродажната цена. Во случај на повлекување на понудата или одбивање да се склучи договор за купопродажба, депонираниот износ на најповолниот понудувач не се враќа и постапката продолжува со второрангираниот понудувач. Освен на извбраниот понудувач со кој се склучува договор за купопродажба на недвижен имот, на останатите понудувачи им се враќа уплатениот депозит во рок од 2 дена од денот на истек на крајниот рок за достава на понудите.
   - Заедно со понудата, понудувачот има обврска да достави потпишана и заверена на нотар Изјава со која потврдува дека се согласува со условите на постапката и дека е запознаен со информација дека во Имотниот лист за имотот, предмет на продажба во податоци за згради посебни делови од згради и други објекти евидентиран во Лист В, Имотен лист бр.58529 КО Кисела Вода 2, во Лист Г 1.1, има воспоставено заложно прво-хипотека од прв ред во корист на КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје како заложен доверител со ОДУ бр.141/2023 од 26.04.2023 година на Нотар Стела Лазаревска од Скопје и тоа за:

     -КП бр.1851/16, бул. 3 Мак.Удар.Бри; Катастарска култура ДМ, површина 7618 м2;
     -КП бр.1851/16, бул. 3 Мак.Удар.Бри; Катастарска култура зпз 1, површина 863 м2;
     -КП бр.1851/16, бул.3 Мак.Удар.Бри; Катастарска култура зпз 2, површина 15м2
     -КП бр.1851/16, бул. 3 Мак.Удар.Бри; бр.на зграда/друг објект 1, намена згр. Згради во индустрија и рударство;влез 1;кат 02; бр.-; површина 732 м2;
     -КП бр. КП 1851/16, бул. 3 Мак.Удар.Бри; бр.на зграда/друг објект 1, намена на згр. помошни простории; влез 1; кат ПО; површина 144 м2;
     -КП бр.1851/16, бул. 3 Мак.Удар.Бри; бр.на зграда/друг објект 1,намена згр.згради во индустрија и рударство;влез 3;кат ПО; бр.-; површина 232 м2, евидентиран во Имотен лист бр.58529 КО Кисела Вода 2, во Г9.3 има прибелешка за закуп врз основа на Договор за закуп на деловен простор заверен под УЗП бр. 5434/2021 од 12.04.2021 година од Нотар Анета Петровска Алексова од Скопје.

     *(Доколку до моментот на објава на огласот оваа хипотека е избришана од ИЛ за предметната недвижност, огласот ќе се коригира во овој дел)*
   - Понудата не смее да биде условена со исполнување на дополнителни услови поврзани со недвижноста и сл.

8. Продавачот пред потпишување на договорот за купопродажба ќе има обврска да обезбеди согласност од Комерцијална Банка за склучување на договорот за купопродажба на недвижен имот *(под услов хипотеката да е запишана во ИЛ за предметната недвижност).*

9. Понудите се доставуваат во архивата на РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје на Булевар 3-ТА Македонска Б 50А, во затворен бел плик на кој нема никаква друга ознака, освен со плаво мастило изпишано:

До: Содружниците на РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје
Предмет: Понуда за купопродажба на недвижен имот.

При приемот на понудите во архивата на РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје се става приемен печат на пликот со приемен број и датум.

10. Понудите ќе се отвараат во присуство на нотар и содружниците на РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје на ден ------- (5ти работен ден од прием на понудите, во 12:00 часот – датумот ќе се одреди во зависност од датумот на објава).

**Член 3**

Се задолжува Одборот на директори да ја достави оваа Одлука до РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје во рок од 3 дена од денот на донесувањето со цел преземање натамошни активности од страна на РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје за донесување соодветни акти и објавување оглас – јавен повик за прибирање понуди за купопродажба на недвижниот

имот опишан во член 1 на оваа одлука, врз основа на елементите дадени во член 2.

**Член 4**

Акционерите на Друштвото со оваа Одлука го овластуваат Одборот на директори во својство на содружник во РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје, да одобри склучување купопродажен договор со најповолниот понудувач кој ги исполнува условите предвидени во член 2 на оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во изминатите години, РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје во повеќе наврати водеше преговори со потенцијални купувачи на недвижниот имот, предмет на оваа одлука. Предлог одлуки за купопродажба на недвижниот имот – управна зграда, беа предмет и на одлучување од страна на Собранието на акционери на Друштвото. Дополнително, до РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје пристигнати се и други понуди кои не може да се процесираат и да се постапува по нив со оглед на тоа што Одборот на РАДЕ КОНЧАР АПАРАТНА ТЕХНИКА нема став по однос на критериуми и насоки за одлучување.

Поради неможноста да се добие согласност од страна на Одборот на директори на Друштвото, за натамошно процесирање на постапката без претходна согласност од страна на Собранието на акционери, се донесува оваа одлука со цел поедноставување на постапката, транспарентно водење на процесот и обезбедување потребна согласност од страна на Собранието на акционери, а со цел Одборот на директори да може непречено да ги презема сите потребни активности до конечно завршување на постапката за купопродажба на управната зграда, сопственост на РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје, подетално опишан имот во член 2 на оваа одлука.

Собрание на акционери

______________________

Претседавач